**ЗАПИСНИК**
**од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 04.05.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен) и Селвер Ајдини (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Арбен Саити, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Стојан Марковски и Ирена Смиљанска од ТВ 24 Вести.

Г-дин Петрушевски ја отвори 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно со 5 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на предлог-записник од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.04.2018 година.
2. Предлог - одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво.
3. Предлог - одлуки за одбивање барања за распишување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку терестријален предавател.
4. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата на радиодифузер.
5. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Одржување на веб страниците на Агенцијата.
6. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Канцелариски материјали.
7. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Пијалаци и потреби за кујна.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно со 5 гласа „за" го усвои предложениот Записник од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.04.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво. Објасни дека кандидатот поднесе барање до Агенцијата за доделување на наведената дозвола. По приемот на барањето од страна на надлежните сектори беше прегледано, но во еден дел беше констатирано дека истото не ги содржи сите податоци согласно член 76 ставови 3 и 4 од ЗААВМУ. Апликацијата му беше вратена со забелешките на кандидатот, и во дадениот рок од страна на Агенцијата, го дополни барањето, кое дополнување го достави на 26.04.2018 година. Појасни дека во овој регион до јануари оваа година функционираше друга телевизија долг период station наназад, регионална а претходно локална, но истата од економски причини пред издавањето на годишната фактура за телевизиско емитување пред 5 јануари 2018 година ја врати дозволата. Сега за овој регион има нов кандидат кој што програмата ќе ја емитува на македонски јазик, албански јазик и турски јазик, преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво.

Г-дин Петрушевски рече дека доделувањето дозвола преку кабел е најлесниот начин да се започне со телевизија или радио. Објасни дека сите потребни информации за точката ги има во материјалите за седницата и отвори дискусија.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-259 од 02.05.2018 година и едногласно донесе Одлука за доделување дозвола на Виктор Серафимов од Скопје, за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, албански јазик и турски јазик, кој ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво - подрачје на емитување, радиодифузен регион Д7 - Стогово (Општина Дебар, Општина Центар Жупа и Општина Маврово и Ростуше), со текст како што беше предложена Одлуката.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, Одлуката за доделување дозвола да ја достави до лицето Виктор Серафимов од Скопје со цел да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар. Во рок од 15 дена од денот на приемот на регистрацијата, Агенцијата ќе ја издаде предметната дозвола.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи во рок од 5 дена од денот на издавањето на предметната дозвола за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, да го извести операторот преку кој ќе се емитува програмскиот сервис, да склучи договор со радиодифузерот почитувајќи ги принципите на објективност, транспарентност и недискриминација.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ги образложи предложените одлуки за одбивање барања за распишување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку терестријален предавател. Објасни дека на 09.01.2018 година од страна на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип беше поднесено писмено барање до Агенцијата за да распише јавен конкурс, а исто така на 15.01.2018 година дополнително барање достави и ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје. Согласно ЗААВМУ, изработена е Студија со која се утврди дали постои оправданост за објавување конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс од страна на Друштвото за маркетинг и консалтинг „МАРКЕТ ВИСИОН" ДООЕЛ Скопје". Студијата завршува со посебни заклучоци до којшто се доаѓа врз основа на сознанијата добиени од анализата на податоците, сублимирани во Извршното резиме, каде што покрај другото, е утврдено дека во услови на намалување на маркетиншкиот колач како и стагнатна економска ситуација да не се објави конкурс за доделување на дозволи што значи дека барањата на овие два субјекти треба да бидат одбиени. Појасни дека овие два субјекти веќе работат на пазарот само преку друго техничко средство и имаат дозволи на државно ниво, едната телевизија преку сателит, а другата преку кабел. Објасни дека Студијата е доставена во материјалите и доколку има прашања раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ќе одговори.

Г-дин Петрушевски рече дека согласно ЗААВМУ член 70 став 7 се вели дека „доколку со студијата од ставот (4) на овој член се утврди дека нема оправданост за објавување на јавен конкурс, Агенцијата во рок од осум дена од денот на објавувањето на студијата ќе донесе одлука со која ќе го одбие барањето од ставот (1) на овој член". Во самата Студија се наведени најмалку две причини зошто е ваква препораката. Првата причина е дека општо во 2017 година има неповолен реален бруто развој на ниво на целата држава. Вториот проблем што се јавува е дека голем дел од рекламниот колач оди кај новите електронски медиуми, кај интернет порталите така што традиционалните медиумите дел од можните средства ги губат. Исто така рекламите од јавните институции од 2015 година наваму, односно кога меѓу најзначајните огласувачи беше Владата, комплетно се прекинаа и тоа секако влијае на финансиите на овие медиуми. Посочи дека последните неколку години Советот има доделено дозволи на национално ниво на најмалку 4 до 5 медиуми кои се емитуваат преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс што значи дека и тие земаат дел од пазарот. Според Законот секој кој има доволно капитал и ги исполнува условите и поднесе уредно барање за емитување преку кабел може да формира телевизија или радио и сето ова неповолно влијае на пазарот односно се расцепкува рекламниот колач и кај постојните телевизии може да се појави проблем да продолжат да работат. На крајот од заклучоците во Студијата се кажува дека ако ова се дозволи постои можност да имаат негативен резултат и сегашните медиуми што веќе терестријално емитуваат програма. Ако во наредните години има поволни економски движења во државава ќе се создадат услови но сега моментално предлогот е да не се распише јавен оглас и рече дека ќе ја поддржи препораката што е наведена во Студијата.

Г-дин Фетаи рече дека изминатиот период имале неколку пати вакви ситуации што за ваквите барања ги обврзува Законот да се изработи Студија во поглед на потребата и можностите за нов медиум во Република Македонија. Во таа насока базирајќи се на барањата на веќе две постоечки телевизии, пред себе ги имаат резултатите од изработената Студија и согласно тие резултати треба да донесат соодветна одлука односно да се прифати предлогот за необјавување јавен конкурс.

Објасни дека на членовите на Советот не им преостанува многу простор за размислување бидејќи Законот ги обврзува. Бидејќи заклучоците во Студијата се негативни тие не можат поинаку да одлучат односно да одат против заклучоците од Студијата која е спроведена согласно Законот. Негово мислење и убедување е дека во Македонија, а така и како држава е карактеризирана, има либерален пазар и сите играчи кој што сакаат да влезат и инвестираат во медиумскиот простор во Македонија им е овозможено. И самите апликанти кои барале дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс веќе се постоечки телевизии кои добро функционираат но сакаат да го променат нивниот концепт и план и се развиваат во таа насока. Во смисла на економските услови дека ќе се наруши пазарот, рече дека овие два медиуми се веќе постоечки во поглед на рекламниот колач, овие медиуми имаат гледаност, тие не се исклучени и емитуваат програма едната преку сателит другата преку кабел. Во секој случај Советот нема можност и простор поинаку да одлучи од самата Студија. Но рече дека ќе го искаже неговото мислење дека ова не е најсоодветно решение и на некој начин чувствува дека ги ограничуваат оние кои условно кажано се поспособни, имаат поатрактивна програма, погледана и сакаат технички да поминат од една на друга страна. Посочи дека го прифаќа укажувањето на крајот од Студијата каде што се вели дека не би било проблем би можело да се распише конкурс во поглед на медиумскиот пејзаж во Република Македонија доколку имаше барање за нов медиум со претежно образовна функција или специјализиран формат што нема, недостасува специјализиран забавен формат што дискутирале во минатото дека недостасува медиум со таков профил. Тоа е добро и може некој од новите инвеститори да се одлучи да влезе во медиумскиот бизнис. На крајот рече дека ќе ги подржи заклучоците од Студијата со назнака дека можеби ги ограничуваат овие медиуми.

Г-дин Петрушевски рече дека медиумот кога е на кабел во голем процент го покриваат корисничкиот пазар, сигурно околу 80-90% од граѓаните имаа пристап до кабелски оператори. Исто така нема гаранција ако двете реномирани телевизии кои имаат право да бараат напредок за себе, дека баш тие ќе добијат дозвола на објавениот јавен конкурс бидејќи хипотетички може да биде и некој трет. Не може однапред да се каже кој ќе добие, може да добие некој сосема нов играч на пазарот. Останува дека ќе го поддржи ставот од Студијата.

Г-дин Фетаи рече дека овие две телевизии се етаблирани, веќе докажани кај телевизиската публика во Македонија, но само го искажува неговото мислење дека за жал им се оневозможува реализација на нивната идеја и нивниот концепт поради тоа што Законот така налага и според наодите од Студијата. И новиот ЗААВМУ кој е пред усвојување во Собранието ќе го продолжи ова ограничување да мора претходно да се изработи Студија. Одбивањето на барањата за распишување јавен конкурс не е според одлучувањето на членовите на Советот и Агенцијата како регулатор, туку само ја исполнуваат законската обврска. Во секој случај добро е што Студијата е направена затоа што со неа се доби увид каква е состојбата со пазарот. Се надева дека оваа Влада ќе функционира позитивно во смисла на подигнување на економските капацитети и потенцијали на ниво на целата држава и согласно тие параметри идната Студија ќе покаже дека може да опстои пазарот и рекламниот колач во Република Македонија. Укажува дека се отворени за нови телевизии и има интереси за нови инвестиции што е позитивно а тоа е и идејата Македонија полека да стане еден отворен пазар а и претходно била, каде што медиумскиот капитал гледа една стабилност и можност за развиток што од целиот тој плурализам како крајна инстанца има збогатување на

понудата до гледачите, до публиката која може да одбере која телевизија или програма ќе ја гледа.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-261 од 02.05.2018 година и едногласно донесе Одлуки за одбивање на Писмените барања од заинтересираните страни, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.03-08/1 од 09.01.2018 година (наш Уп1 бр.08-10 од 09.01.2018 година, со дополнување бр.03-114/1 од 24.01.2018 година, наш Уп1 бр.08-10 од 26.01.2018 година) и на Трговското Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје бр.0502/201 од 26.01.2018 година (наш Уп1 бр.08-30 од 29.01.2018 година) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, поради тоа што со Студијата бр.03-1958/3 од 25.04.2018 година се утврди дека нема оправданост за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, затоа што условите на пазарот не овозможуваат одржливост на постојните учесници на пазарот со влез на нов играч, а исто така и неговите изгледи да постигне одржливост на работењето во догледна временска рамка се минимални, со текст како што беа предложени одлуките.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата донесените Одлуки да ги достави до заинтересираните страни, подносители на писмените барања - Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип и Трговското Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведените Одлуки да ги објави на веб-страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски на крајот изрази надеж дека во некоја наредна прилика за неколку години ќе има можност ова да се повтори и да има позитивни резултати. Има мала неправда во сето ова, но така е предвидено со Закон. На пример десет кандидати да побараат телевизија преку кабел и доколку имаат доволно финансиски средства и ги исполнуваат условите на сите десет ќе им се додели дозвола согласно Законот.

Г-дин Фетаи рече дека и тие десет телевизии преку кабел би го нарушиле пазарот.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата на ТРД РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје. Објасни дека за овој радиодифузер дискутирале на една од претходните седници. На 08.02.2018 година при обид на доставување на документ беше невозможно да се изврши доставата до овој радиодифузер. Во материјалите по точката во прилог се дадени и фотографии од службените простории на радиото каде што може да се види дека е затворено и ролетните се постојано спуштени. Исто така направена е и анализа на програмскиот концепт за говорно музичко радио кое треба да содржи 40% говор и констатирано е дека последните неколку месеци има емитување само на музика. Агенцијата писмено се обрати до радиодифузерот и побара податоци за тоа дали ги исполнува условите од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Доставени се девет договори преку авторска агенција за еден месец и еден вработен управителот преку Агенцијата за

вработување. Тие договори истекоа на 11 април 2018 година. Агенцијата повторно се обрати до радиодифузерот, но одговор во писмена форма нема освен телефонски разговор каде ја кажува состојбата каква што е и опишана дека не ги исполнува условите. Оваа постапка се води од 8 февруари 2018 година и доколку радиодифузерот реши да се прилагоди на законските услови ќе има дополнителен период од 15 дена од денот на доставување на предлогот, во спротивно Советот ќе треба да ја одземе дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека е очигледно дека настанале околности што претставуваат законски пречки имателот на дозволата да ја врши дејноста и согласно член 82 став 1 алинеја 5 од ЗААВМУ Советот нема друг избор освен да ја започне постапката. И покрај сите негативни информации што ги има за радиодифузерот, дека просториите се затворени, дека не емитуваат програма согласно доделената дозвола, дека немаат доволно вработени новинари, дека не ги исплаќаат, сепак ако сопственикот и медиумот изнајдат сили да најдат финансиски поддржувач, ќе имаат можност во овие 15 дена да пробаат да стартуваат. Предложи медиумот да се информира кога точно му истекуваат тие 15 дена и рече дека сепак има шанса тој да проработи, во спротивно Советот ќе донесе одлука за одземање на дозволата и потоа ќе може само преку суд да ја поврати дозволата.

Г-дин Фетаи рече дека можеби оваа состојба кореспондира со претходната точка. Имено наодите од Студијата се во таа насока дека тешко се опстојува, но се надева дека ќе се вратат економските можности за да можат медиумите да опстојат.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-260 од 02.05.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, бр.08-66 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, со измена и дополнување бр.01-3336/1 од 08.05.2015 година, а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од цитираниот Закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-2181/1 од 27.04.2018 година, односно затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста.

Доколку горенаведениот радиодифузер не ја достави потребната документација од која што ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во цитираниот Правилник, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, бр.08-66 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од цитираниот Закон.

**Точка 5**

Помошник раководителката на Секторот за информатичка поддршка и општи работи Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: Одржување на веб страниците на Агенцијата. Објасни дека оваа јавна набавка се спроведува секоја година со тоа што оваа година се работи за одржување на двете веб страници на Агенцијата, односно веб страницата на Агенцијата и веб страницата за медиумска писменост. Сите останати информации ги има во материјалите за точката.

Г-дин Петрушевски рече дека е видно дека се работи за две веб страници и проценетата вредност е 90.000,00 денари без ДДВ за период од една година. Вредноста е скромна, но се надева дека на е-аукција ќе се добие уште пониска цена иако и оваа цена е реално ниска.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2180/3 од 02.05.2018 година и едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Одржување на веб страниците на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – Одржување на веб страницата на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-514/2 од 26.01.2018 година, а средствата во износ од 90.000,00 денари (без ДДВ) се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.

**Точка 6**

Советот на Агенцијата го усвои предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2194/3 од 02.05.2018 година и едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – стока: Канцелариски материјали.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - стока: Канцелариски материјали, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-514/2 од 26.01.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.

**Точка 7**

Советот на Агенцијата го усвои предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2195/3 од 02.05.2018 година и едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – стока: Пијалаци и потреби за кујна.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - стока: Пијалаци и потреби за кујна, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-514/2 од 26.01.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.

**Точка 8**

Немаше точки под Разно.

Бр. 02-2228/8
17.05.2018 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ